МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД - СКОПЈЕ
Адреса „Кеј 13-ти Ноември" број 6, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

**До:** Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје
Орце Николов 75, 1000 Скопје

**Датум:** мај 2023 година

**Предмет:** Образложение за работењето на Македонски Телеком АД – Скопје за периодот од 01.01.2023 до 31.03.2023 година

Следната анализа се однесува на неревидираниот Биланс на успех на Македонски Телеком (МКТ) за периодот 01.01.2023 - 31.03.2023, подготвен во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

## I Приходи

Приходите од продажба на крајот од првите три месеци од 2023 година изнесуваат 2.881.658 илјади денари, што претставува зголемување за 3,7% во споредба со истиот период од претходната година.

## Мобилни услуги




### Мобилни говорни и неговорни услуги

На пазарот на мобилната телефонија МКТ има **удел на пазарот од 48,7%** (интерна проценка, споредено со 48,5% на крајот од истиот период од претходната година). Базата на претплатници на крајот од првите три месеци од 2023 година изнесува 1.253 илјади претплатници и е зголемена за 3,3% во однос на истиот период од претходната година.

**Приходите од говорни услуги (малопродажба) како и неговорни мобилни услуги** на крајот од првите три месеци од 2023 година бележат зголемување од 5,8% во споредба со истиот период од претходната година.

Зголемувањето главно произлегува од поголемиот број на пост - пејд претплатници и зголемувањето на приходите од роаминг заради намалувањето на рестрикциите поврзани со COVID - 19 пандемијата, а од друга страна пак има намалување на приходите од при-пејд главно заради миграција на претплатниците од при-пејд во пост-пејд како и помал обем на користење на говорни услуги во при-пејд сегментот. Зголемени се и приходите од неговорни услуги, главно како резултат на зголемени приходи од мобилен интернет заради зголемено користење на пакетни тарифни модели со вклучени неговорни услуги како и зголемен GPRS сообраќај од роаминг.

**Приходите од говорни услуги – големопродажба** на крајот од првите три месеци од 2023 година бележат намалување од 4,6% во споредба со истиот период од претходната година.

**Комбинираниот ARPU (просечниот приход по корисник)** од говорни и неговорни услуги бележи зголемување од 1,9% во споредба со истиот период од претходната година, достигнувајќи 371 денари.

## Фиксни услуги

### Фиксни говорни и неговорни услуги

МКТ успеа да ја одржи **водечката позиција на пазарот на фиксни говорни услуги со 61,2%** (интерна проценка, споредено со 62,1% на крајот од истиот период од претходната година), односно 224 илјади корисници на крајот од првите три месеци од 2023 година.

**Приходите од говорни услуги од малопродажба** во првите три месеци од 2023 година во фиксниот сегмент се намалија за 0.5% во споредба со истиот период од претходната година поради намалениот појдовен сообраќај за 22,3%. На крајот од првите три месеци од 2023 година бројот на корисници на фиксна телефонија (вклучувајќи ги и корисниците на конвергентни услуги) бележи благо зголемување за 0,2% споредено со истиот период од претходната година.

**Вкупниот број на пристапи на широкопојасен интернет** (вклучувајќи ги и корисниците на конвергентни услуги) на крајот од првите три месеци од 2023 година е зголемен за 2,8% и изнесува 227,3 илјади во споредба со 221,1 илјади на крајот од истиот период од претходната година. **Бројот на претплатници на широкопојасен интернет (без големопродажба)** на крајот од првите три месеци од 2023 година е зголемен за 2,8% и изнесува 203,9 илјади во споредба со 198,4 илјади на крајот од истиот период од претходната година. **Уделот на пазарот на широкопојасен интернет** на крајот од првите три месеци од 2023 година изнесува **49,8%** (интерна проценка, споредено со 49,3% на крајот од истиот период од претходната година). Инвестициите во оптичката мрежа резултираат во континуиран раст на бројот на оптички пристапи во земјата. На крајот од првите три месеци од 2023 година Македонски Телеком овозможи повеќе од 281 илјади пристапи до оптика што е за 11% повеќе споредено со истиот период од претходната година.

Во однос на **ТВ пазарот**, **МКТ има лидерска позиција со 33,6% удел** од вкупниот ТВ пазар **(интерна проценка,** споредено со 34.3% на крајот од истиот период од претходната година**)**. IPTV услугата (дигитална телевизија преку Интернет протокол), поради високиот квалитет, интерактивноста и уникатното ТВ искуство, е одлично прифатена на пазарот и МКТ на крајот од првите три месеци од 2023 година оствари зголемување на бројот на корисници на IPTV (вклучувајќи Magenta 1, 3 Play и други TV услуги) за 1,2% во споредба со истиот период од претходната година што резултираше со база од 148 илјади корисници на крајот од првите три месеци од 2023 година.

**Приходите од малопродажен Интернет** на крајот од првите три месеци од 2023 година се зголемени за 14,9% во споредба со истиот период од претходната година.

**Приходите од дигитална телевизија преку Интернет протокол („IPTV")** на крајот од првите три месеци од 2023 година се намалени за 6,6% во споредба со истиот период од претходната година.

## Останати приходи



### Останати приходи во фиксниот и мобилниот сегмент

**Приходите од системска интеграција и ИТ услуги** на крајот од првите три месеци од 2023 година се намалени за 40,2% во споредба со истиот период од претходната година, главно како резултат на динамиката на реализација на ИКТ проектите.

**Приходите од продажбата на опрема** на крајот од првите три месеци од 2023 година се зголемија за 5,8% во споредба со истиот период од претходната година како резултат на зголемувањето на приходите од продажба на мобилни апарати на рати заради поголемата просечна продажна цена и поголемиот број на продадени апарати.

## II Трошоци

### Оперативни трошоци

На страната на трошоците, на крајот од првите три месеци од 2023 година оперативните расходи бележат намалување од 1% во споредба со истиот период од претходната година, што во најголем дел се должи на намалувањето на расходите за услуги со карактер на материјални трошоци како и трошоците за амортизација.

Трошоците за вработени се на крајот од првите три месеци од 2023 година се на исто ниво во споредба со истиот период од претходната година.

Трошоците за набавна вредност на трговски стоки се зголемени за 11,2%, во линија на зголемените приходи од продажба, додека трошоците за суровини и други материјали каде се вклучени и трошоците за електрична енергија, се зголемени за 22% на крајот од првите три месеци од 2023 година во споредба со истиот период од претходната година, доминантно поради зголемување на цената на електричната енергија како резултат на глобалните движења на цената на електричната енергија.

Расходите за услуги со карактер на материјални трошоци се намалени за 9,7% на крајот од првите три месеци од 2023 година во споредба со истиот период од претходната година.

Трошоците за амортизација се намалени за 10,1% на крајот од првите три месеци од 2023 година во споредба со истиот период од претходната година заради помалата амортизација на опремата за мобилна комуникација како резултат на модернизацијата, делумно компензирано со зголемувањето на трошокот за амортизација на софтвер и лиценци заради обезбедувањето на новите 5Г фреквенции.

### Капитални трошоци

Вкупните капитални инвестиции (CAPEX), на крајот од првите три месеци од 2023 година изнесуваат 523.802 илјади денари.

## III Оперативна и нето добивка

Горенаведените движења на страната на приходите и трошоците резултираа со зголемување на оперативната добивка пред камати, оданочување и амортизација (EBITDA) во првите три месеци од 2023 година за 5,6% во споредба со истиот период од претходната година. EBITDA маргината во првите три месеци од 2023 година е зголемена и изнесува 41,4% во споредба со 40,8% на крајот од истиот период од претходната година. Доколку се исклучат трошоците за електрична енергија, EBITDA во првите три месеци од 2023 година би била зголемена за 7,5% во споредба со истиот период од претходната година додека EBITDA маргината би изнесувала 46,1% споредено со истиот период од минатата година (44.7%).

Оперативната добивка пред камати и оданочување (EBIT) во првите три месеци од 2023 година е зголемена за 33,9% во споредба со истиот период од претходната година.

Како резултат на горенаведените движења на страната на приходите и трошоците како и финансиските приходи и расходи, нето добивката за првите три месеци од 2023 година е зголемена за 33,2% во споредба со истиот период од претходната година и изнесува 478.092 илјади денари.

| *Во илјади денари* | *2022 јан - мар* | *2023 јан - мар* | *Промена 2023 спрема 2022* |
|---|---|---|---|
| Оперативни приходи | 2.803.303 | 2.917.850 | 4,1% |
| Приходи од продажба | 2.779.180 | 2.881.658 | 3,7% |
| Оперативни расходи | 2.395.480 | 2.371.784 | -1,0% |
| Трошоци за електрична енергија | 108.782 | 138.099 | 27,0% |
| *Амортизација на материјалните и нематеријалните средства* | *735.902* | *661.715* | *-10,1%* |
| Оперативни расходи без амортизација | 1.659.578 | 1.710.069 | 3,0% |
| **Оперативна добивка пред камати, оданочување и амортизација (EBITDA)** | **1.143.725** | **1.207.781** | **5,6%** |
| *EBITDA маргина во %* | 40,8% | 41,4% | 1,5% |
| **Оперативна добивка пред камати, оданочување и амортизација (EBITDA) без трошоци за електрична енергија** | **1.252.507** | **1.345.880** | **7,5%** |
| *EBITDA маргина во % без трошоци за струја* | 44,7% | 46,1% | 3,2% |
| **Оперативна добивка пред камати и оданочување (EBIT)** | **407.823** | **546.066** | **33,9%** |
| Финансиски приходи | 16.009 | 23.648 | 47,7% |
| Финансиски расходи | 17.583 | 27.677 | 57,4% |
| Данок од добивка | 47.227 | 63.945 | 35,4% |
| **Нето добивка** | **359.022** | **478.092** | **33,2%** |

## IV Промена во сметководствените политики

Врз основа на одлуката „Носител на продажбата наспроти Агент": Препродавач на софтвер (МСФИ 15 Приходи од договори со купувачи)" според дневниот ред на Комитетот за толкување на МСФИ, финализирана на 30 мај 2022 година, МКТ мораше повторно да ја процени контролата во релевантната препродажба на софтвер, услугите за содржини и обезбедените услуги за стриминг, од аспект на тоа дали има улога на Агент или на Носител на продажбата. Во случаи кога МКТ е во посредничка позиција помеѓу некој добавувач и купувач, мора да се направи проценка дали МКТ го добавува или го обезбедува релевантниот производ или услуга што е побаран од страна на купувачот во улога на Носител на продажбата или само како Агент што работи за добавувачот. Резултатот зависи од тоа дали МКТ ќе ја евидентира продажбата како бруто (како Носител на продажбата) или како нето по одбивањето на трошоците на добавувачот, односно може да го евидентира само износот на преостанатата маржа (како Агент). Повторната проценка беше завршена во третото тримесечје од 2022 година и беше заклучено дека треба да се усвои сметководство за Агент, за релевантниот дел на препродажба на софтвер, услугите за содржини и обезбедените услуги за стриминг. Овој заклучок резултираше со промена во сметководствената политика. Во споредба со претходното сметководство, ова доведува до намалување на приходите и трошоците за 23.391 илјади денари за 2023 година и 18.250 илјади за 2022 година. EBITDA, Нето добивката, Извештајот за финансиската состојба и готовинскиот тек се непроменети.

## V Влијание на КОВИД-19, конфликтот во Украина и економската криза врз бизнисот и врз финансиските извештаи

Во 2020 година, коронавирусот се прошири на глобално ниво, а неговото негативно влијание продолжува да ги афектира компаниите во целиот свет. Во 2021 и дополнително во 2022 година година веќе се појавија знаци на закрепнување, што резултираше со локално олеснување на рестриктивните мерки, како и зголемена мобилност на луѓето преку границите.

Менаџментот внимателно го следи влијанието на пандемијата врз работењето и им обезбедува дополнителни ажурирани информации на заинтересираните страни во согласност со развојот на ситуацијата. Понатаму, менаџментот е во тесна комуникација со локалните државни институции и постојано работи во согласност со официјалните насоки.

Друштвото брзо реагираше на ситуацијата со КОВИД-19. Друштвото продолжува да излегува во пресрет на зголемената побарувачка за поврзување преку нејзината мрежа и до сега нема идентификувано настани коишто би можеле да го загрозат постојаниот интерес на нејзиното работење. Дополнително, според проценката на менаџментот за идните парични текови, не се очекува неисполнување на резултатите на долг рок.

Менџментот на Друштвото посвети значајно внимание на ликвидноста на купувачите поради КОВИД-19, и врз основа на искуството од последните месеци и идните очекувања од КОВИД- 19, нема материјално значајни ефекти на стапките за исправка.

Годишната стапка на инфлација во февруари 2023 година изнесуваше 16,7% (17,1% во јануари 2023 година). Просечната годишна стапка на инфлација во првите два месеца од 2023 година е во согласност со оцените за забавување на стапката на инфлација во рамките на октомврискиот циклус проекции. Забавувањето на годишната стапка на инфлација е условено од забавениот раст

на цените кај енергетската и базичната компонента на инфлацијата, при одредено стабилизирање кај прехранбената компонента. Ревизиите во однос на очекуваните движења кај надворешните влезни претпоставки за проекцијата на инфлацијата се во различни насоки, при што ризиците во однос на проектираната стапка на инфлација за 2023 година главно се урамнотежени. Притоа, и понатаму е нагласена високата неизвесност во движењето на светските цени на примарните производи во следниот период, при неизвесни економски ефекти од војната во Украина[1].

Глобалното покачување на трошокот за енергија резултираше со значително зголемување на трошоците за енергија на Друштвото во текот на 2022 и 2023 година, што изврши притисок на постигнувањето на резултатите. Сепак, Менаџментот вложи напори, преку пакет мерки за оптимизација, како и подобри комерцијални резултати, да ги надомести овие негативни трендови до највисок можен степен.

Тековниот воен конфликт во Украина и поврзаните санкции насочени против Руската Федерација може да извршат дополнително влијание врз европската и глобалната економија, покрај влијанието што веќе го изврши врз цените на енергијата, како што беше дискутирано погоре. Компанијата нема значајна директна изложеност на Украина, Русија или Белорусија. Сепак, влијанието врз општата економска ситуација може да резултира со потреба од ревидирање на одредени претпоставки и проценки во иднина. Компанијата го почуствува влијанието на кризата преку зголемените цени на енергијата. Идно долгорочно влијание може да се изврши на обемот на тргување, паричните текови и профитабилноста. Сепак, освен зголемените трошоци за енергија, Друштвото не почувствува други влијанија од конфликтот во Украина до датумот на овие финансиски извештаи.

| | |
|---|---|
| Никола Љушев | Славко Пројкоски |
| Главен извршен директор | Главен директор за финансии |

## Истрага за одредени договори за консултантскуи услуги

*На 13 февруари 2006 година, Маѓар Телеком АД, доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје, мнозински акционер на Друштвото), објави дека е вршена истрага на одредени договори склучени од друга подружница на Маѓар Телеком АД, со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Маѓар Телеком АД или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Маѓар Телеком го ангажираше White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД, донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Република Северна Македонија.*

*Врз основа на јавно достапните информации, како и информациите добиени од Маѓар Телеком, а коишто беа претходно обелоденети, Одборот за ревизија на Маѓар Телеком спроведе интерна истрага во однос на одредени договори поврзани со активностите на Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Република Северна Македонија кои вкупно изнесуваа повеќе од 31 милион евра. Поконкретно, интерната истрага испитуваше дали Маѓар Телеком и/или нејзините подружници во Црна Гора и во Република Северна Македонија извршиле плаќања коишто се забранети со законите или прописите на САД, вклучувајќи го и американскиот Закон за спречување на корумпирано однесување во странство (ФЦПА). Друштвото претходно ги обелодени резултатите од интерната истрага.*

[1] *Извор: НБРСМ "Најнови макроекономски показатели - Преглед на тековна состојба" март 2023 година*

*Одборот за ревизија на Маѓар Телеком го информираше Министерството за правда на САД („МП") и Комисијата за хартии од вредност на САД („КХВ") за интерната истрага. МП и КХВ започнаа истрага за активностите коишто беа предмет на интерната истрага. На 29 декември 2011 година, Маѓар Телеком објави дека склучи конечни спогодби со МП и КХВ за решавање на истрагите на МП и КХВ поврзани со Маѓар Телеком. Со спогодбите завршија истрагите на МП и КХВ. Маѓар Телеком ги објави клучните услови од спогодбата со МП и КХВ на 29 декември 2011 година. Поконкретно, Маѓар Телеком објави дека склучил договор за одложено гонење за период од две години („ДОГ") со МП. ДОГ истече на 5 јануари 2014 година, а врз основа на барањето на МП доставено во согласност со ДОГ, Окружниот суд на САД за Источната област на Вирџинија, на 5 февруари 2014 година, ги отфрли обвиненијата против Маѓар Телеком.*

*Во врска со локалната истрага од страна на државните органи во Република Северна Македонија и претходно обелоденетата информација во Финансиските извештаи на Друштвото за претходните години, во првото тримесечје од 2023 година првостепениот кривичен суд донесе неправосилна пресуда со која ги огласи за виновни тројцата обвинети поранешни менаџери на друштвото и ги задолжи солидарно да ја надоместат штетата.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од кое било регулаторно тело или други надворешни страни, освен како што е опишано погоре, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи можат да бидат неточни, вклучувајќи ги и ефектите од можни незаконски дејства.*